**Здружението Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ** во рамки на проектот **„Чист град за чиста иднина“** имплементиран од Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, а во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини, имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина Гоу Грин Скопје, Центарот за климатски промени и Здружението на млади Креактив, финансиски поддржан од Европската унија на ден 16.11.2023 година објавува:

***ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ДВА (2) ЕКСПЕРТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДВОДНЕВНА ОБУКА***

1. **Опис и цели на проектот**

Општа цел на проектот е подигнување на свеста на младите и пошироката популација за третирање на отпадот и за заштита на животната средина во општина Гостивар.

Со имплементацијата на проектот ќе се влијае кон зајакнување на капацитетите за застапување на членовите на Локалниот Младински Совет (ЛМС), младинските организации и активисти со цел зголемување на притисокот врз Општина Гостивар за решавање на проблеми во областа на животната средина.

Целна група: членови на Локалниот Младински Совет – Гостивар, претставници на младински организации и активисти.

2. **Опис на активноста предмет на овој јавен повик**

Новоформираниот Локален Младински Совет (ЛМС) - Гостивар е сочинет од млади лица, со различен степен на искуство и познавање на младинските прашања, политики и работата на општината, а истото се однесува и на младинските организации и активисти.

Токму поради потребата од зајакнување на капацитетите на членовите на ЛМС и младинските организации, проектот предвидува спроведување на обука за нивно информирање за работата на Советот, за младинските политики, застапување за прашања од животната средина во процесот на креирање политики на локално ниво. Имплементацијата на оваа обука ќе ги подобри младинските компетенции за застапување, со цел зголемување на притисокот врз Општина Гостивар за решавање на проблеми во областа на животната

средина.

На обуката ќе учествуваат 11 членови на младинскиот совет и 5 претставници на младински организации. Истата ќе биде дводневна и ќе биде испорачана од двајца експерти од областите за застапување и заштита на животна средина.

3. **Опис за ангажман на експерти**

Во рамки на проектните активности предвидено е ангажирање на двајца (2) експерти за спроведување на дводневна обука која ќе води кон унапредување на знаењата и делувањето на Локалниот Младински Совет – Гостивар и младинските организации за застапување и лобирање на политиката за зачувување, заштита и унапредување на квалитетот на животната средина и квалитетот на живот на граѓаните.

4. **Опис и работни задачи за ангажман на експертите**

Експертите кои ќе бидат ангажирани за извршување на задачите во рамки на овој повик треба да:

- изработат методологија за спроведување на обуката;
- спроведат обука која ќе се одржи со физичко присуство за 11 членови од Локалниот Младински Совет – (ЛМС) Гостивар и 5 членови на младински организации и младински активисти на тема застапување и лобирање на политиката за зачувување, заштита и унапредување на квалитетот на животната средина и квалитетот на живот на граѓаните;
- подготват извештај за спроведената обука.

5. **Потребни квалификации**

- завршено високо образование во областа за заштита на животната средина или друга област поврзана со темата за која се пријавува експертот;
- најмалку 2 години работно искуство во областа на застапување и лобирање и/или од областа на зачувување, заштита и унапредување на квалитетот на животната средина и квалитетот на живот на граѓаните;
- искуство во планирање, спроведување и евалуирање на обуки вклучувајќи и познавање на методологија за обучување;
- професионално искуство во спроведување на обуки за застапување, со фокус на решавање на проблеми од областа на животната средина;
- силни презентациски и фасилитаторски вештини;

- способност за ефективно работење со различни групи учесници;
- одлични комуникациски и интерперсонални вештини.

## 6. Временска рамка и надомест

Обуката ќе се спроведе на 12.12.2023 и 13.12.2023 година (дводневна обука).
Надоместот за еден ден не смее да надминува бруто износ од 6.000 денари.

## 7. Начин на пријавување, евалуација на биографиите и контакт лице

За аплицирање потребно е да се достават следните документи:

- Кратка биографија (CV) - (професионално портфолио кое задолжително ќе содржи листа на реализирани обуки со преглед на корисници на испорачаните обуки);
- Предлог методологија за подготовка на обука (прилог 1);
- Финансиска понуда (бруто износ во МКД со вклучен персонален данок на доход) (прилог 2).

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат критериумите наведени во точка 5 од овој јавен повик треба да достават детална документација во која ќе бидат наведени референци со кои се потврдува исполнувањето на условите.

Документите треба да се достават по е-пошта на community.mediadev@gmail.com со назнака: Апликација за експерт за спроведување на обука за застапување наменета за членовите на Локалниот Младински Совет, младинските организации и активисти за решавање на проблеми во областа на животната средина.

**Рокот за аплицирање е заклучно до 24.11.2023 (петок) до 16.00 часот.**

Пристигнате апликации ќе бидат евалуирани од страна на Комисија за евалуација составена од членови на МЕДИУМ и партнерската организација Здружение за обезбедување социјални услуги - СОЦИО.
Пристигнатите пријави по горенаведениот рок нема да бидат земени предвид.

Контакт лице во врска со објавениот јавен повик е:
Кристијан Наумовски, проектен координатор, е-пошта: community.mediadev@gmail.com